Национален Демократски Институт за Надворешни Работи
Вашингтон САД
Подружница во Република Северна Македонија
Бр. 43/2024
02.07 2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-673/1
02.07.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 4 став (1) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со Меморандумот за соработка меѓу Националниот демократски институт и Државен завод за ревизија на Република Северна Македонија склучен на 5-ти мај 2023 година, договорните страни. - Националниот демократски институт за меѓународни работи – НДИ (Давател на донацијата), подружница во Република Северна Македонија, претставуван од вишиот резидентен директор Роберт Скот Хејзлет, со канцеларија на ул. Лазар Личеноски бр. 13 кат 3 Скопје и со ЕМБС 7026030, како спроведувач на проектот финансиран од Швајцарија „Програма за парламентарна поддршка – (ПСП)" (во натамошниот текст: „НДИ") и

Државниот завод за ревизија (ДЗР), (Прималтел на донацијата) со седиште на ул. „Павел Шатев" бр. 2 Палата „Емануел Чучков" 1000 Скопје, претставувано од м-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор, (во натамошниот текст: „ДЗР"), на ден 02.07.2024 година, склучија

## ДОГОВОР
## ЗА ДОНАЦИЈА

### Член 1

Предмет на овој договор е остварување на проектот од јавен интерес на Давателот на донацијата, поддршка на ДЗР со кој ќе се овозможат напредни, ефикасни и дигитализирани услуги преку обнова на дел од информатичко-техничката опрема (во натамошниот текст: лаптоп компјутери) што НДИ ја донира преку проектот ПСП за активностите и потребите на ДЗР.

### Член 2

Давателот на донацијата му дава на Примателот на донацијата техничка опрема во вкупна проценета вредност од (772.130,00 мкд) на денот на приемот на опремата и тоа:

| Опис на стоката | Количество | Модел | Поединечна цена во евра |
|---|---|---|---|
| Компјутер ДЕЛ Прецизион 3580 | 9 | DELL Precision 3580 (i7-1360P, 32Gb, 1Tb SSD, nVidia RTX A500, Windows)<br><br>15.6" FHD+ (1920x1080) AntiGlare, 250nits, 100% sRGB, Low BL with IR Camera | 695,700.00 ден. |
| Компјутер ДЕЛ Прецизион 3480 | 1 | DELL Precision 3480 (i7-1360P, 32Gb, 1Tb SSD, nVidia RTX A500, Windows)<br><br>14" FHD (1920x1080) AntiGlare, 250nits, 100% sRGB, Low BL with IR Camera | 76.430,00 ден |

**Член 3**

Цел на донацијата од членот 2 на овој договор е поддршка на дејност од јавен интерес, односно поддршка на работењето на ДЗР, во извршувањето на законски утврдените надлежности, односно во вршењето на државната ревизија, која транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

**Член 4**

Примателот на донацијата за примената донација нема да прави никакви противисполнувања кон Давателот на донацијата.

**Член 5**

Примателот на донацијата по приемот на донацијата ќе достави на Давателот на донацијата Потврда или Приемница за примена донација, со која потврдува дека е примена целата опрема од членот 2 на овој договор.

**Член 6**

Примателот на донацијата по примопредавањето на Опремата станува сопственик на Опремата, гарантира дека Опремата ќе се користи за службени цели за работата на ДЗР.

**Член 7**

За се што не е предвидено во овој договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 8**

Овој договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Член 9**

Во случај на спор по овој договор, надлежен е Основниот граѓански суд - Скопје.

Договорни страни:

| **Дaвател на донација:** | **Примател на донација:** |
| --- | --- |
| Национален демократски институт меѓународни работи (НДИ) | Државен завод за ревизија (ДЗР) |
| | Главен државен ревизор |
| Роберт Скот Хејзлет | м-р Максим Ацевски |